СОУ „ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН“ – ВЕЛЕС

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
Бр. 08 - 532/6
29. 10 2026 год.
ВЕЛЕС

ПРОГРАМА

ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНА ЕКСКУРЗИЈА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ВТОРА ГОДИНА
ВО УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА

РЕЛАЦИЈА

ВЕЛЕС – ТЕТОВО – ВЕВЧАНИ – СТРУГА – ОХРИД – Св. НАУМ – ВЕЛЕС

Велес, 2026/2027

СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

Согласно важечкиот Правилник, програмата ги содржи следните основни елементи:

1. **Вид на училишната екскурзија**
2. **Воспитно-образовни цели**
3. **Задачи**
4. **Содржини и активности**
5. **Раководител на екскурзијата, наставници и ученици**
6. **Времетраење**
7. **Локации за посета и разгледување**
8. **Релација на патување**
9. **Техничка организација**
10. **Начин на финансирање**

Кодексот на однесување и облекување и Изјавата на ученикот и родителот/старателот се подготвуваат како посебни прилози кон документацијата за екскурзијата.

Програмата е изработена согласно член 24-а од Законот за средното образование, Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта бр. 13-10833/1 од 04.08.2025 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта бр. 13-4247/1 од 13.03.2026 година, Годишната програма за работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес за учебната 2026/2027 година и одлуките на надлежните органи на училиштето.

Со одлука на Училишниот одбор е формиран Тим за подготовка на Програмата за училишната екскурзија за учебната 2026/2027 година.

Учениците во училишната екскурзија се вклучуваат доброволно.

1. ВИД И ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Училишната екскурзија е поврзана со воспитно-образовни цели од повеќе наставни области и со непосредно запознавање на културните, историските, географските и природните содржини.

Вид: дводневна стручно-истражувачка училишна екскурзија за учениците од втора година.

Воспитно-образовните цели се:

1. усвојување, проширување и поврзување на знаењата од повеќе наставни области;
2. запознавање со културно-историските, природните и естетските вредности на Тетово, Вевчани, Струга, Охрид и Св. Наум;
3. развивање интерес за културното наследство и заштитата на природната и општествената средина;
4. развивање социјални вештини, соработка, толеранција и одговорно однесување;
5. примена на стекнатите знаења и вештини преку непосредно набљудување и искуствено учење.

2. ЗАДАЧИ

1. учениците непосредно да се запознаат со културното и историското наследство на местата што се посетуваат;
2. да ги прошират знаењата за природните и географските особености на Вевчани, Струга, Охрид и Охридскиот регион;
3. да развиваат позитивен однос кон културните и природните вредности;
4. да развиваат другарство, солидарност, толеранција и чувство на одговорност;
5. да ги почитуваат правилата за безбедно и културно однесување за време на патувањето и посетите.

3. СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ

- Посета на Шарена Џамија во Тетово.
- Посета на Вевчанските извори.
- Посета на Струга и манастирскиот комплекс Калишта.
- Посета на културно-историските знаменитости на Охрид и манастирскиот комплекс Св. Наум.
- Рекреативни и социјализациски активности соодветни на возраста и интересите на учениците.

Активностите се реализираат без преоптоварена агенда, со доволно време за безбедно патување, одмор и организирано движење на групата.

4. РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ И УЧЕНИЦИ

За раководител на екскурзијата е именувана Цветанка Карамаркова.

Раководителот на екскурзијата и наставниците-придружници се определуваат согласно Правилникот и актите на училиштето. Конечниот број наставници-придружници се утврдува според бројот на ученици кои ќе учествуваат.

Паралелки и класни раководители кои ќе бидат опфатени со програмата:

1. II-1 - Соња Трајчева
2. II-2 - Весна Павлова
3. II-3 - Тања Чипевска
4. II-4 - Цветанка Карамаркова
5. II-5 - Атанас Зафиров

5. ВРЕМЕТРАЕЊЕ, ЛОКАЦИИ И РЕЛАЦИЈА

Екскурзијата ќе трае два дена со едно ноќевање и е планирана за месец мај 2027 година.

Точниот датум ќе се утврди дополнително согласно организациските услови, одобрената програма и избраниот понудувач.

Релација: Велес – Тетово – Вевчани – Струга – Охрид – Св. Наум – Велес.

Локации за посета: Шарена Џамија во Тетово, Вевчански извори, Струга и манастирскиот комплекс Калишта, културно-историски знаменитости во Охрид и манастирскиот комплекс Св. Наум.

Прв ден:

Заминување за Тетово и посета на Шарена Џамија. Потоа групата се упатува кон Вевчани каде се посетуваат изворите и се остава време за индивидуален ручек во Вевчани. Потоа групата се упатува кон Струга и посета на манастирот во Калишта. По завршувањето на посетата на манастирот во Калишта групата се упатува кон Охрид каде се сместува во хотел со организирана вечера, вечерна забава и ноќевање.

Втор ден:

Денот започнува со појадок на групата и пешачка тура со посета на куќата на Робевци, црквата Св. Софија, Антички театар, Самоилова тврдина, Плаошник и Св. Јован Канео. По пешачката тура групата се упатува кон манастирот Св. Наум. Во текот на патувањето групата ќе има можност за уживање во убавините на Охридското езеро и панорамскиот поглед на националниот парк Галичица. По пристигнувањето и разгледувањето на манастирот Св. Наум групата ќе има слободно време во комплексот за индивидуални активности и ручек. Потоа следи враќање и пристигнување во Велес во вечерните часови.

6. ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Постапката за избор на организатор/понудувач се спроведува согласно важечкиот Правилник за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта. Постапката ја спроведува Комисијата за прибирање и оценување на понуди, формирана согласно Правилникот и одлуката на Училишниот одбор.

Условите за понудувачот, превозот, сместувањето, исхраната, осигурувањето, услугите, критериумите за избор и другите технички барања се утврдуваат во огласот/поканата и документацијата за прибирање понуди, врз основа на оваа одобрена програма и важечките прописи.

- Екскурзијата да биде изведена со автобус кој ги исполнува законските и техничките услови за превоз на групи деца.
- Да има обезбедено претставник од агенцијата, односно водич, а при посетата на локалитети да има организирано локални водичи,
- Агенцијата треба да има обезбедено соодветна здравствена заштита со присуство на доктор и потребна медицинска опрема за прва помош прилагодена за патнички и теренски услови,
- Агенцијата треба да обезбеди соодветни услови за сместување: хотел со (најмалку) 4 ѕвезди, мени на исхрана (со организирана вечера и доручек во хотелот во кој ќе се престојува),
- Агенцијата треба да обезбеди патничко и здравствено осигурување на учениците,
- Да е регистрирана согласно позитивните прописи во Република Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност,
- Да има успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности во последните три години,
- Агенцијата треба да обезбеди влезници за посета на знаменитости и организирање на забавна вечер.

7. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

- екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителите/старателите, со можност за плаќање на најмалку три рати, вклучувајќи поволности за ученици кои потекнуваат од социјално загрозени семејства.
- цените во понудите да бидат фиксни, односно да нема корекција на цени во текот на реализација на договорот;
- во цената да влегува патничкото и здравствено осигорување на учениците, како и сите влезници.

ТИМ за подготовка на Програмата за училишни екскурзии за II (втора) година во учебната 2026/2027 година			
Бр.	**Име и презиме**	**Работна позиција**	**Своерачен потпис**
1.	Илија Попов	Директор	
2.	Анита Смилевска	Психолог	
3.	Марија Стојановска	Педагог	
4.	Ленче Перчинковска	Специјален едукатор и рехабилитатор	
5.	Цветанка Карамаркова	Класен раководител и раководител на екскурзијата	
6.	Тања Чипевска	Класен раководител	
7.	Соња Трајчева	Класен раководител	
8.	Весна Павлова	Класен раководител	
9.	Атанас Зафиров	Класен раководител	
10.	Методија Костов	Наставник	

ЗАБЕЛЕШКА: Програмата може да претрпи промени во зависност од потребите и состојбите во училиштето и општата здравствена- безбедносна состојба

Раководител на екскурзијата:

Цветанка Карамаркова

Директор:

Илија Попов